# Најслаткото нешто

Џил Шелвис

Ако и ти сакаш книги...
**ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ**
*www.sakamknigi.mk*
**На светот има толку многу книги, а толку малку време...**
Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

---

**Наслов на оригиналот**

The sweetest thing
©  Jill Shalvis, 2011

**Copyright © за македонското издание**
Издавачка куќа Сакам книги, 2018

**Издавач** Издавачка куќа Сакам Книги
**Преведувач** Ивана Спасев
**Лектор** Марија Иванова

**Главен уредник** Ивана Спасев
**Компјутерска обработка** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев

**Печатење** Графостил - Скопје, 2018
**Тираж** 1000 примероци

---

*Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без согласност од издавачот.*

# Најслаткото нешто

Џил Шелвис

сакам книги

Ако и ти сакаш книги...

*За една друга постара сестра, Келси,
која секогаш знае што треба да се
направи и знае да направи сите да се
чувствуваме подобро. Ќе те сакам
засекогаш.*

# Прва глава

„Во животот нема 'snooze' копче".

Тара Џениелс

„Мафин?" прашуваше Тара додека поминуваше покрај долгата редица луѓе кои чекаа на пристаништето за да влезат на летниот фестивал на Среќно Крајбрежје. „Сака ли некој бесплатен *Животот-Е-Убав* мафин?"

Големата кошница беше потешка отколку што очекуваше и попладневното јунско сонце ја удираше по главата во ритам со дивото беснеење на брановите на Тихиот Океан кои удираа во брегот.

Кожата ѝ се потеше, а тоа бетер ја вадеше од такт. Не се работеше само за челичната магнолија во неа. Потењето не само што беше недостоинствено, туку и се косеше со нејзиното мото *Никогаш не им дозволувај да те видат како се потиш.*

Велејќи си дека само светеше и надевајќи се дека тоа можеше да се протолкува како сјаење од страна на другите, Тара ја зголеми насмевката и продолжи. Барем летниот фустан ѝ беше лесен, материјалот како газа и целиот лелеав на нејзината кожа. Го имаше купено за да изгледа софистицирано и елегантно.

И да ѝ ја засили самодовербата.

Ова беше големо барање од фустан.

„Мафин?“ ја праша следната жена во редицата.

Госпоѓата Тејлор, сопственичка на еден локален дуќан, внимателно погледна во кошницата. „Нискокалорични се?“

Пред да дојде во Вашингтон, Тара го имаше поминато најголемиот дел од животот во едно предградие на Хјустон на ранчот на баба ѝ и дедо ѝ каде што воздржувањето од употреба на путер и маст се сметаше за богохулење. *Нискокалорични? Не баш.* Накратко помисли да излаже ама не сакаше да ја удри некој гром - ќе ѝ ја уништеше косата што денес за чудо ѝ беше убава сама по себе. „Дефинитивно не, жалам“.

„А знаеш ли колку калории имаат?“

Тара погледна надолу во нејзините прекрасни мафини, големи и меки и нежно зарумени, секој совршено испечен и несомнено полн со калории. „Милијарда“, рече. „Во залче“.

„Изненадена сум од тебе“, рече госпоѓата Тејлор разочарано, „што вака промовираш консумирање на холестерол“.

Тара имаше прочитано некаде дека е потребен помал напор да си фина отколку да си кучка. А со оглед на тоа дека таа секогаш беше за зачувување енергија, ѝ дозволи на нејзината уста да се поткрене на крајчињата. „Јас всушност го промовирам реновирањето на хотелот што го отвораме со сестрите за две недели...“

Таа престана да зборува кога госпоѓата Тејлор учтиво го крена показалецот и го извади телефонот што ѝ вибрираше.

И Тара сакаше да ѝ крене еден прст, но бидејќи тоа не беше оној прст чие покажување може да се смета за културно, се воздржа. Продолжи понатаму, убедувајќи се себеси дека постојаното прегазување на нејзината гордост откако дојде во Среќно Крајбрежје не можеше да ја убие како што ѝ се чинеше секојпат кога го правеше тоа. Најверојатно.

„Мафин?“ ги праша луѓето во следниот дел од редицата, продолжувајќи да дели од мафините кога ќе изразеа интерес. „Кој сака бесплатен *Животот-Е-Убав* мафин?“

Секој мафин беше внимателно завиткан во целофан и на секој со панделка беше врзан здиплен леток за хотелчето на плажа што го носеше истото име како и местото, Среќно Крајбрежје. Ова беше дел од мисијата на Тара, а таа мисија беше различна од лани. Лани сакаше мир во светот и маникир што ќе трае цели две недели. Годинава, сè се сведуваше на најосновните работи. Сакаше да може да си ги плати сметките на крајот од месецот без да мора да ограби менувачница и можеби да се чувствува како да имаше контрола врз сопствениот живот.

Тоа беше сè.

Само еден месец во кој ќе може да сврзе крај со крај. Триесет дена за време на кои нема постојано да биде нервозна додека ја чека платата.

Или доцнењето на платата.

Сонцето продолжи да ја измачува додека одеше по целата должина на пристаништето. Зад неа, острите карпести брда беа во сенка. Напред, брановите продолжуваа да удираат во плажата, тресејќи го пристаништето под нивните стапала. Помина покрај салонот за убавина, покрај кафулето *Лапачка* каде што работеше по четири вечери неделно, па покрај игротеката за деца, сладоледџилницата и високото панорамско тркало.

Толпата стануваше сè погуста околу неа, како намерно да се пикаа во неа. Имаше чувство дека целата држава Вашингтон дошла на музичкиот и уметнички летен фестивал, но не беше изненадена. Единственото нешто што луѓето во Среќно Крајбрежје го сакаа повеќе од озборувањето беа сите видови на социјални собиранки и дружби, а тоа беше она што ги чекаше вечерва. Топла вечер, добра музика, танцување, пиење... Несомнено рецепт за добра забава.

„Јас дефинитивно ќе земам мафин“, рече Клои појавувајќи се до Тара.

На дваесет и четиригодишна возраст, сестрата на Тара беше бебето во семејството, и со таа улога ја имаше наследено целата слободоумност - односно откаченост - на нивната мајка, Фиби Трејгер. Клои носеше тесни

војнички шорцеви и дреч жолта маичка што човек не можеше да ја гледа без очила за сонце. Нејзината сјајна темноцрвена коса беше прошарана со два дреч розови прамени, по еден покрај секоја слепоочница, а остатокот паѓаше во бранови по нејзиниот грб како штотуку да се стркалала од кревет. Личеше на некој модел што можеше да се види на насловна страница.

Па, со исклучок на тоа што беше метар и шеесет во нејзините патики и немаше апсолутно никаква дисциплина, ниту волја да почитува инструкции. Клои штотуку беше вратена од двомесечно патување по луксузните хотели и спа центри во Мајами, каде што максимално ја имаше искористено дозволата за работа како козметичарка додека истовремено работеше и на нејзината линија за нега на кожа направена од природни состојки. И веројатно наоѓајќи проблеми каде стигне, како што ѝ беше навика на Клои.

На Тара ѝ беше само мило што сестра ѝ беше вратена во Среќно Крајбрежје. Таа се грижеше цело време додека Клои не беше таму. Тара всушност цел живот се грижеше за нејзината проблематична помала сестра. Клои исончана и среќна и со нова тетоважа со кинески симболи на внатрешната страна од зглобот што не сакаше да им ја преведе, гризна од мафинот и задоволно застенка. „Да му се сневиди, Тара, овие се закон. Може ли да ми кажеш нешто?“

„Ако планираш да ме прашаш дали мафините се нискокалорични“, рече Тара, „треба да си знаеш дека веќе почнува да ми снемува место каде да ги скријам сите мртви тела“.

Клои се насмеа. „Не, чувствувам како артериите ми се запушуваат уште додека голтам и немам никаков проблем со тоа“. Ги излижа ронките од прстите. „Ме интересираше само дали забележа дека Форд доаѓа накај тебе?“

Тара се сврте во правецот каде што гледаше Клои и почувствува дека престана да дише. Форд Вокер навистина доаѓаше накај неа, движејќи се сигурно и лесно, без никакво брзање на неговите долги нозе. А тоа беше добро бидејќи го застануваа речиси сите покрај кои минуваше. Но нему како да не му пречеше тоа,

а тоа правеше да ѝ биде уште потешко да го мрази... иако Тара сепак даваше сѐ од себе.

„Ќе ми кажеш ли некогаш што е работата со вас двајца?“ Клои го гризеше вториот мафин како да не јадела недела дена. Можеби навистина немаше јадено недела дена. Таа постојано беше банкрот и никогаш не се секираше за нејзиниот следен оброк.

„Нема што да се каже за мене и за Форд“.

Циничната смеа на Клои ги исполни ушите на Тара, нарекувајќи ја *лажга* без зборови, затоа што навистина беше. „Знаеш што ти треба тебе?“

Тара ја прострела со поглед. „Одмор на некој остров во Јужниот Пацифик без сестра што се вика Клои?“

„Хм. Можеби за Божиќ. Ама сега засега, ти треба да се опуштиш малку. Повеќе да вежбаш, помалку да се нервираш“.

„Јас сум многу опуштена“. Или барем беше сѐ додека не го виде Форд. Тој повторно беше застанат со некои луѓе и разговараше со нив во редицата зад неа, но како да имаше почувствувано дека го гледаше, ја сврте главата и ја погледна во очи. Проструи некоја чудна тензија низ нејзините вени. Се забрза дури и нејзиниот пулс, не толку многу за да добие инфаркт, но многу повеќе отколку што беше нормално. „Јас сум максимално опуштена“, промрморе.

„Аха“, рече Клои со глас како ова да ѝ беше многу забавно. „Затоа ли ја стискаш кошницата толку многу што ги гмечиш мафините? Затоа ли компулсивно направи генералка во куќарката синоќа?“

„Еј“, рече Тара во нејзина одбрана. „Имаше многу прашина, ќе ти ја влошеше астмата. И во случај да си заборавила, ќе те потсетам дека нема ни две недели откако заврши во болница затоа што не можеше да дишеш благодарение на една обична поленова бура. Па треба да кажеш *фала*, а не да ме критикуваш“.

Клои преврте со очите и се сврте кон жената зад неа. Лусил беше сопственичка на една уметничка

галерија во градот и беше на возраст од седумдесет до двесте години. Носеше бели Најк патики и нејзините омилени дреч розови тренерки. Таа зеде еден мафин, гризна од него и задоволно воздивна, „Тара, драга, не ми е јасно како може да си во иста мера неверојатна и напната“.

„Јас не сум...“ Ох, батали.

Лусил ја погледна низ очи нашминкани со тешка сина сенка. „Убав фустан. Ти секогаш се облекуваш толку убаво. Рос? Вол-Март?“

Не, всушност Нордстромс, помисли Тара, од нејзиниот стар живот кога имаше важечка кредитна картичка. „Стар ми е, од пред неколку години, па...“

„Имаме прашање“, ѝ рече Клои на Лусил, прекинувајќи ги. „Кажи ми, дали сестра ми ти изгледа опуштено тебе?“

„Опуштено?“ Сфаќајќи го прашањето многу сериозно, Лусил повнимателно ја погледна Тара. „Да бидам искрена, малку ми изгледа како да ја мачи запек“. Се сврте кон личноста што дојде зад неа, но Тара не мораше да погледне да види кој беше затоа што знаците на нејзиното тело ѝ кажуваа без зборови.

Висок метар осумдесет и осум, Форд беше чист тестостерон и мускул. Неговата градба потсетуваше на оние витките спортисти што се занимаваат со екстремни боречки вештини, но Форд беше премногу опуштен и ноншалантен за да биде некаков борец.

Носеше Левис фармерки со низок струк и бела мека блуза со неколку копчиња завртена до лактите, а сепак некако успеваше да изгледа подеднакво дотерано како Тара. Неговата кафена коса беше како бакната од сонцето, неговите зелени очи остри, неговата насмевка секогаш подготвена.

Сѐ кај него беше такво, од неговата цврста градба до самодовербата што ја носеше како што другите мажи носат колонска вода. Половина од луѓето во Среќно Крајбрежје беа вљубени во него.

Другата половина беа мажи и не се броеја. Тара беше единствениот исклучок, се разбира. Таа не само што не беше вљубена во него, туку и не можеше да го трпи, просто не го поднесуваше.

Ама постоеше многу добра причина за тоа. Впрочем, неколку. Но таа одамна си имаше дадено дозвола да се преправа дека *таа* работа што се имаше случено помеѓу нив не се случила никогаш.

„Се обидуваме да сфатиме што не е во ред со Тара, душо", му рече Лусил и мораше да ја наведне главата наназад за да го погледне во очи. „Јас мислам дека е запек".

Клои се насмеа.

Форд изгледаше како да сакаше да се насмее. Тара зачкрипе со забите. „Не..."

„Ништо страшно", рече Лусил. „Ни се случува на сите. Треба само да направиш компот од суви сливи и..."

„Немам запек!" Одлично. Сега сите во радиус од дваесет метри го знаеја тоа.

„Е па, добро", рече Лусил. „Затоа што вечер ќе има бинго во рекреативниот центар".

Екстремно свесна дека Форд стоеше премногу блиску, Тара се префрли од едната на другата нога. „Јас не сум по бингото".

„Па, ни јас, душо", рече Лусил. „Ама ќе има мажи таму и тоа многу. Некој маж добро би можел да ти помогне да се олабавиш малку. Да се *однапнеш*. Нели, Форд?"

„Да, госпоѓо", рече Форд со страшно сериозно лице. „Многу добро".

„Гледаш?" ѝ рече Лусил на Тара. „Добро, малку си млада за нашата екипа што се собира на бинго, ама веројатно можеш да ќариш некој од пожилавите - можеби дури и двајца".

Тара ја имаше видено екипата што игра бинго. Тие „жилавите" беа оние подвижните, а во подвижни спаѓаа и тие што одеа со помагала за одење. „Навистина не ми треба никој жилав". Ни еден, а камоли двајца.

„Ох, драга", рече Лусил. „На секоја жена ѝ треба маж. Па дури и мајка ти - Бог да ја прости - велеше дека е штета што не може да се купи секс на eBay".

До неа, Форд тивко се насмеа.

Тара намерно не го гледаше човекот кој еднаш ѝ беше потребен, по кој еднаш копнееше со целото свое битие. Во последно време никој не ѝ беше *потребен*.

Клои мудро и нежно ја протна раката под раката на Лусил. „Дојди, имам јаки врски и можам да го заобиколам редов", ѝ рече на постарата жена. „Ајде раскажи ми за тие твои жилави пријатели". Ѝ се насмевна на Тара преку рамо како да сакаше да каже дека ѝ е должник додека ја оддалечуваше Лусил. Не дека Тара можеше да размислува за тоа сега кога беше сама со Форд. Или колку што можеше да биде сама додека беа опкружени со стотици луѓе. Не си го замислуваше вака денот кога стана утрото и се ценкаше со Господ ветувајќи му дека ќе биде подобра личност ако ѝ даде цел еден ден во кој нема да мора да се соочува со ништо од минатото. Но Господ очигледно имаше решено да не ѝ ја услиши молитвата. Што значи дека таа не мораше да си го одржи ветувањето да биде подобра личност...

Форд гледаше во неа. Таа ја чувствуваше тежината на неговиот поглед, па упорно гледаше кон водата. Можеби требаше да почне да плете како нејзината сестра, Меди. Плетењето наводно било многу катарзично, а на Тара добро ќе ѝ дојдеше нешто катарзично. Попладневното сонце се спушти пониско над океанот како да сакаше да ги бркне нозете во него и да се олади. Таа зјапаше натаму сѐ додека неговите долги прсти не ги допреа нејзините.

„Тара".

Ете толку беше потребно, само нејзиното име од усните на Форд, и таа туку-така... омекна. Немаше друг збор за она што се случуваше внатре во нејзиното тело секогаш кога тој ќе ѝ прозбореше. Таа омекнуваше и целото нејзино битие се насочуваше кон него. Исто како во старите времиња.

Форд стоеше трпеливо и мирно, со малку подникната брада и прави бели заби и сјајни прекрасни очи, будејќи чувства во неа за кои не беше подготвена.

„Нема да ми понудиш мене мафин?" ја праша.

Со оглед на тоа дека еден дел од неа сакаше да грабне да го претепа, а друг дел од неа сакаше да му

понуди нешто многу повеќе од мафин, си го задржа јазикот зад заби и без збор му ја понуди кошницата. Форд ги разгледуваше мафините, бирајќи како да размислуваше за изборот на животен пат.

„Сите се исти", рече Тара најпосле. Тогаш ѝ се исклешти и нејзините колена се затресоа. Колку и да ја иритираше, мораше да признае дека таа негова насмевка требаше да доаѓа со етикета: ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ - подолга изложеност на оваа насмевка може да ви предизвика копнеж, страст и глупавост.

„Немаш ли бар за водење?" го праша.

„Џекс е таму моментално, тој работи".

Форд беше првокласен експерт за едрење. Кога не беше на вода да се натпреварува или на насловната страница на локалниот Космополитан како пример за „забавни бестрашни мажи на годината", живееше овде во Среќно Крајбрежје.

Тука, со неговиот најдобар пријател, Џекс, заедно го поседуваа и водеа барот *Љубовно Гнездо*, најпопуларната дупка за начукување во градот. Колку што можеше да забележи Тара, тој веројатно го работеше барот затоа што обожаваше да ужива во животот - а дефинитивно многу уживаше додека беше зад шанкот мешајќи пијачки и заебавајќи се со гостите.

И таа уживаше во животот. Или барем во замислата за животот.

Е добро де, уште работеше на тој дел со уживањето. Проблемот лежеше во тоа што реалноста не ѝ дозволуваше да ужива. „Ќе земаш мафин или не?"

Форд ја накоси главата и помина со погледот по нејзиното тело како да ја галеше со рака. „Ќе земам сè што ми нудиш до последна ронка".

Тоа извлече една искрена насмевка од неа. „Небаре ти би се задоволил со ронка".

„Се задоволив еднаш". Тој сè уште се смешкаше, но очите му беа сериозни сега и ја погодија некаде ниско во стомакот.

Спомени. Недобредојдени. „Форд..."

„Ах“, рече тој многу нежно. „Значи се сеќаваш барем како се викам. И тоа е некаков почеток“.

Го турна по цврстите гради. Не дека можеше да го помести ако се обидеше, тој огромен секси труп.

И таа немаше заборавено ништо во врска со него... ништо. „Што сакаш?“

„Мислев дека по толку време“, рече тој ведро, „ќе можеме да бидеме пријатели“.

„Пријатели“, повтори таа.

„Да. Да правиме љубезни празни муабети, повремено да се дружиме. Можеби дури некогаш и да излеземе“.

Таа зјапаше во него. „Тоа би нè направило нешто повеќе од пријатели“.

„Отсекогаш си била проклето паметна“.

Нејзиниот стомак повторно се згрчи. Тој сакаше да спие со неа. Или не баш да спие, така оди зборот. Нејзиното тело реагираше чудно од самата помисла. „Ние не...“ Таа ги затвори очите за да ја скрие лагата. „Ние не си се допаѓаме еден на друг на тој начин веќе“.

„Не?“ Во следната секунда, таа ја почувствува промената во воздухот кога тој ѝ се доближи. Ги отвори очите баш кога тој ја крена раката и собра еден прамен коса зад увото. Тара се стресе. Тој забележа - многу јасно дека забележа; тој сè забележуваше - и крајчињата од неговата уста се поткренаа. Но неговите очи останаа сериозни, страшно сериозни кога се наведна кон неа.

Ако ги гледаше некој, ќе изгледаше како тој да ѝ шепоти нешто на уво. Но не ѝ шепотеше.

Не, тој сакаше да направи нешто многу поподло. Неговите усни накратко и речиси неосетно го допреа нејзиниот врат и рече, „Ти ми се допаѓаш мене баш на оној вистинскиот начин“.

Таа повторно се стресе, но не рече ништо.

„Размисли за тоа, Тара“.

И тогаш замина, оставајќи ја неспособна да размислува за ништо друго, освен токму за тоа.

За него.